**20212193680**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за рамномерен регионален развој(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/21 и 174/21), министерот за локална самоуправа, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ПЛАНСКИТЕ ДОКУМЕНТИ ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува Методологијата за изработка на планските документи за регионален развој, односно на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Стратегијата) и Програмата за развој на планскиот регион (во натамошниот текст: Програмата за развој).

## II МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА

Член 2

Изработката на Стратегијата е составена од две фази:

- организирање на процесот за изработка на Стратегијата и
- изработка на Стратегијата.

### Фаза I - Организирање на процесот за изработка на Стратегијата

Член 3

(1) Процесот на изработка на Стратегијата се организира преку спроведување на следните процесни чекори:

1) определување на одговорни лица од редот на вработените во Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој и дефинирање на задачи кои треба да ги извршат;

2) дефинирање на содржина на Стратегијата,и

3) оформување на мултидисциплинарен тим на експерти.

### Определување на одговорни лица и дефинирање на нивните задачи

Член 4

(1) За организирање на процесот на изработка на Стратегијата се определуваат одговорни лица од редот на вработените во Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој.

(2) Одговорните лица од став (1) на овој член, изработуваат проектна задача за изработка на Стратегијата која ги вклучува следните работи:

- утврдување на предмет на задачата;
- утврдување на цели и очекувани резултати;
- утврдување на конечна содржина на Стратегијата;
- утврдување на потребни стручни и професионални квалификации на експертскиот тим за изработка на Стратегијата;

- подготовка на работни задачи за ангажирање на надворешни експерти ( по потреба);
- утврдување на временски рок за извршување на задачите;
- утврдување на други елементи, согласно потребите;
- координирање на процесот за изработка на Стратегијата;
- обезбедување на потребната логистичка поддршка на тимот за изработка на Стратегијата, вклучително и обезбедување на потребните податоци на ниво на Република Северна Македонија и на ниво на плански региони;
- проценка на потребата за обезбедување на донаторска поддршка за изработка на Стратегијата и обезбедување на донаторска поддршка и
- обезбедување на партнерство со релевантна донаторска институција за изработката на Стратегијата (доколку се оцени дека истото е потребно).

**Дефинирање на содржина на Стратегијата**

Член 5

(1) Стратегијата ги содржи минимум следните поглавја:

1. Кус вовед со образложение на законскиот основ за подготовка на Стратегијата и нејзиниот придонес кон:
- процесот на пристапување на Република Северна Македонија кон Европската Унија;
- остварување на целите за одржлив развој на Организацијата на Обединетите Нации и
- остварување на повисок степен на родова еднаквост.
2. Опис на применетата методологија за подготовка на Стратегијата;
3. Анализа на постојната состојба во планските региони во однос на минимум следните тематски области:
- јавни инвестиции за рамномерен регионален развој и степен на развиеност на планските региони;
- демографски развој;
- просторно и урбанистичко планирање;
- економски карактеристики на развојот на планските региони;
- индустриски развој на планските региони;
- земјоделство и рурален развој;
- поддршка за развој на мали и средни претпријатија, претприемништво, иновации, мудра специјализација, конкурентност и други области на економскиот развој во планските региони;
- пазар на труд;
- социјален развој вклучувајќи намалување на сиромаштија и социјалната исклученост, социјална заштита, заштита на децата, пензиско и здравствено осигурување и заштита, домаќинства, услови за живот и домување и други области на социјалниот развој во планските региони;
- инфраструктура и комунални дејности;
- енергетика;
- животна средина, природа и климатски промени;
- образование;
- култура;
- спорт и рекреација;
- управување со кризи, заштита и спасување на граѓани и добра, и противпожарна заштита;
- други тематски области релевантни за постигнување на рамномерен регионален развој.

4. Анализа на постојната состојба во однос на урбаните подрачја, подрачја со специфични развојни потреби и на развојот на селата;
5. Визија на Стратегијата;
6. Мисија на Стратегијата;
7. Стратешки цели, приоритети и мерки;
8. Носители на спроведувањето на Стратегијата;
9. Извори за финансирање и инструменти за спроведување на Стратегијата;
10. Следење, ажурирање и оценување на спроведувањето на Стратегијата, и
11. Прилози:
- Прилог 1: Тематски студии со секторска анализа на постојната состојба
- Прилог 2: Индикатори за следење на спроведувањето на Стратегијата, и
- Прилог 3: Профил на планските региони.

(2) Стратегијата може да содржи и други елементи, согласно потребите и заедничката оценка на Министерството за локална самоуправа, Бирото за регионален развој и експертскиот тим за изработка на Стратегијата.

**Оформување на мултидисциплинарен тим на експерти**

Член 6

(1) Експертскиот тим за изработка на Сратегијата е составен од вработени лица во Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој низ соработката со вработени лица во секторските министерства и други органи на државната управа, агенции и фондови, како и други засегнати страни кои се идентификувани во Стратегијата.

(2) По потреба, тимот со надворешни експерти може да се надгради со претходно утврдени стручни и професионални квалификации и подготвени работни задачи со утврдени временски рок за нивна реализација.

**Фаза III - Изработка на Стратегијата**

Член 7

Стратегијата се изработува преку спроведување на осум методолошки чекори:

- чекор 1: Подготовка на студии со секторска анализа на постојната состојба во планските региони за тематските области наведени во член 5 став (1) од овој Правилник (во натамошниот текст: Тематски студии);
- чекор 2: Мапирање на сите релевантни засегнати страни на регионалниот развој (Министерство за локална самоуправа , Биро за регионален развој и регионалните центри; Советите за регионален развој, претставници на секторските министерства, здруженија на граѓани, претставници на приватниот сектор, високообразовни институции и др.)
- чекор 3: Спроведување на анкета на јавното мислење поврзано со регионалниот развој, на репрезентативен примерок од населението и со примена на методот „лице-в-лице“;
- чекор 4: Организирање на консултации за нацрт студиите со секторска анализа на постојната состојба во планските региони за сите опфатени тематски области (фокусни групи, работилници и тркалезни маси);
- чекор 5: Изработка на нацрт верзија на Стратегијата;
- чекор 6: Организирање на консултации за нацрт верзија на Стратегијата (работилници и тркалезни маси);
- чекор 7: Изработка на предлог верзија на Стратегијата и

- чекор 8: Покренување на постапка за разгледување и усвојување на Стратегијата согласно законските прописи.

**Подготовка на тематски студии со секторска анализа на постојната состојба во планските региони**

Член 8

(1) Експертскиот тим за изработка на Стратегијата изготвува тематски студии за постојното ниво на развој на планските региони.

(2) Тематските студии претставуваат основа за изработка на аналитичкиот дел од Стратегијата.

(3) Тематските студии ги содржат минимум следните поглавја:

1. извршно резиме составено така што би можело целосно да се интегрира во аналитичкиот дел на Стратегијата;

2. вовед со опис на стратешкото и системско опкружување вклучувајќи минимум осврт на нормативната рамка за тематската област, секторските политики и клучните мерки во нив кои влијаат врз регионалниот развој;

3. опис на применетата методологија за подготовка на тематската студија;

4. куса анализа на мандатите и влијанието на клучните засегнати страни за тематската област;

5. анализа на постојната состојба во планските региони врз основа на утврдени индикатори за тематската област;

6. приоритетни мерки за тематската област поврзани со клучните наоди од анализата, со наведување на носителите на спроведувањето, изворите за финансирање и инструментите за спроведување на мерките, и

7. прилози:

- листа на засегнатите страни за тематската област и

- листа на клучни индикатори за интегрирање во рамката за мониторинг на спроведувањето на Стратегијата со: дефиниција на индикаторот, податок за базната година, опис на начинот на пресметување на индикаторот вклучувајќи дефиниција на влезните податоци и нивниот извор, и предложени среднорочни и долгорочни целни вредности на индикаторите со образложение на начинот на нивно определување.

(4) Во тематските студии со секторски анализи треба да се наведат изворите на податоци (во наративниот дел, табелите и графиците) и секогаш кога е тоа можно да се додаде и линк (врска) со веб страница каде истите се достапни.

**Анализа на постојната состојба во однос на урбаните подрачја, подрачја со специфични развојни потреби и на развојот на селата**

Член 9

(1) Идентификувањето на карактеристиките на урбаните подрачја, подрачјата со специфични развојни потреби и на развојот на селата се врши врз основа на засебна анализа на расположивите податоци за овие подрачја и населени места.

(2) За потребите на анализата може да се спроведе и истражување на терен.

(3) При идентификувањето на карактеристиките на урбаните подрачја, подрачјата со специфични развојни потреби и за развојот на селата, фокусот се става на карактеристиките или проблемите кои го определуваат развојот на овие подрачја и населени места.

(4) Идентификуваните карактеристики служат како основа за дефинирање на стратешките приоритети и мерки во Стратегијата а кои се однесуваат на урбаните подрачја и подрачјата со специфични развојни потреби и на развојот на селата.

**Методи за анализа на постојната состојба во планските региони**

Член 10

(1) Изборот на конкретните научни методи за секторските анализи го прави експертскиот тим за изработка на Стратегијата.

(2) За потребите на анализите може да се спроведе и истражување на терен.

(3) При процесот на изработка на Стратегијата се применуваат минимум класичните научни методи (анализа на податоци и синтеза на наоди и информации, прогнозирање на линеарни и динамички сценарија и слично) и релевантни специфични методи за поодделните секторски анализи, согласно потребите.

(4) Стратегијата се подготвува низ консултација како и учество на засегнатите страни. Засегнатите страни треба соодветно да ги претставуваат интересите на приватниот, невладиниот и владиниот сектор на ниво на Република Северна Македонија и локално ниво.

(5) Идентификувањето на засегнатите страни што секонсултирани при процесот на изработка на Стратегијата се врши од страна на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој во соработка со тимот за изработка на Стратегијата.

(6) Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој на тимот за изработка на Стратегијата му обезбедуваат логистичка поддршка за примена на начелата на консултација и учество на засегнатите страни.

(7) При изработка на Стратегијата се користат податоци и наоди од завршната евалуација на спроведувањето на Стратегијата за претходниот период и други релевантни официјални податоци, коишто се добиени по методологии усогласени со стандардите на Европска унија и со други меѓународни стандарди, анализи, студии и стратешки документи подготвени од надлежни институции и доставени до експертскиот тим од страна на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој.

**Определување на визија на Стратегијата**

Член 11

(1) Со визијата на Стратегијата се определува долгорочната цел на политиката за регионален развој на Република Северна Македонија.

(2) Визијата треба да биде јасна, реална и да ги содржи главните елементи кои ја отсликуваат состојбата што се настојува да се постигне на крајот од периодот на имплементација на Стратегијата.

(3) Визијата на Стратегијата треба да биде заснована на основните цели и принципи на политиката за регионален развој во Република Северна Македонија.

(4) Визијата се определува врз основа на направените тематски студии со секторски анализи за развој на планските региони и извршените консултации со засегнатите страни.

(5) Визијата за регионален развој треба да биде во согласност со стратешките документи на Република Северна Македонија и со основните стратешки цели на регионалната политика на Европската Унија.

**Определување на мисија на Стратегијата**

Член 12

(1) Со мисијата на Стратегијата се определува основната цел на политиката, прецизно опишувајќи ја потребата за постоење и активностите коишто ги преземаат институциите за да ја реализираат визијата.

(2) Мисијата треба да содржи опис на клучните области кои се покриваат со политиката за регионален развој, начелата и вредностите врз кои институциите вклучени во имплементација на политиката функционираат или настојуваат да ги постигнат, специфичноста во однос на другите политики, односно карактеристичните аспекти според кои Стратегијата се разликува од останатите развојни плански документи и главните корисници на придобивките од остварување на визијата на Стратегијата.

**Определување на стратешки цели, приоритети и мерки**

Член13

(1) Стратешките цели треба да бидат во согласност со визијата и мисијата на Стратегијата за регионален развој.

(2) Во Стратегијата се утврдуваат општи стратешки цели преку кои треба да се обезбеди имплементација на моделот на полицентричен развој, утврден како основен модел на политиката за регионален развој.

(3) За секоја стратешка цел се определуваат приоритети и основни мерки за нивна реализација.

(4) Со приоритетите се конкретизираат стратешките цели преку адресирање на утврдените диспаритети во развојот помеѓу и во рамките на планските региони и споредбените можности за развој на планските региони.

(5) Со мерките се конкретизираат приоритетите за да се обезбеди ефикасна реализација и полесно следење на нивната реализација.

(6) Со мерките треба да се адресираат воочените диспаритети, стратешките ограничувања за рамномерен регионален развој но и развојната потреба од искористување на споредбените предности на планските региони.

(7) Со приоритетите и мерките покрај планските региони се опфаќаат урбаните подрачја, подрачјата со специфични развојни потреби и селата во рамки на планските региони.

(8) Стратешките цели, приоритетите и мерки се определуваат врз основа на направените тематски студии со секторски анализи и извршените консултации со засегнатите страни.

(9) Стратешките цели, приоритети и мерки се усогласуваат со стратешките документи во Република Северна Македонија, со програмските документи за пристапување на Република Северна Македонија кон Европската Унија и други документи, согласно потребите.

**Носители на спроведувањето на Стратегијата**

Член 14

(1) Носителите на политиката за регионален развој и учесниците во планирањето и спроведувањето на планските документи за регионален развој се определени со Законот за рамномерен регионален развој и поблиску се дефинирани за секоја мерка од Стратегијата во Програмата за рамномерен регионален развој.

(2) Во Стратегијата се определуваат мерки за надградба на институционалните капацитети на носителите на политиката за регионален развој, согласно потребите.

(3) Во спроведувањето на Стратегијата ј учествуваат и други ресорни министерства и органи на државната управа, агенции и фондови како и општините.

**Извори за финансирање и инструменти за спроведување на Стратегијата**

Член 15

(1) Изворите за финансирање на имплементацијата на Стратегијата се определени согласно Законот за рамномерен регионален развој.

**Мониторинг рамка за следење на спроведувањето на Стратегијата**

Член 16

(1) За следење и оценување на успешноста во процесот на спроведување на Стратегијата, како прилог на Стратегијата се дефинираат индикатори со податок за базна година и испроектирани целни вредности за периодот до средина и до крај на периодот од спроведувањето на Стратегијата.

(2) Индикаторите треба да се непосредно поврзани со стратешките цели и приоритети и на тој начин да послужат за мерење на степенот на остварување на целите на Стратегијата.

(3) Индикаторите треба да бидат специфични, мерливи, остварливи, релевантни и временски одредени.

(4) За пресметување на индикаторите треба да се користат јавно достапни податоци кои се генерираат во редовни и предвидливи интервали.

**Организирање на процесот за изработка на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија**

Член 17

(1) Програмата за спроведување на Стратегијата е документ за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија.

(2) Организирањето на процесот за изработка на Програмата за спроведување на Стратегијата се врши од страна на Министерството на локална самоуправа.

(3) Програмата за спроведување на Стратегијата ја подготвуваат одговорни лица од редот на вработените во Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој низ соработка со вработени лица во секторските министерства и други органи на државната управа, агенции и фондови, како и други засегнати страни кои се идентификувани во Стратегијата.

(4) Согласно со потребите, за олеснување на подготовката на Програмата за спроведување на Стратегијата може да биде ангажиран надворешен експерт или експерти врз основа на претходно утврдени стручни и професионални квалификации, подготвена работна задача и утврден временски рок за нејзино извршување.

**Содржина на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија**

Член 18

(1) Програмата за спроведување на Стратегијата ги содржи следниве поглавја:

1. кус вовед со образложение на законскиот основ за подготовка на Програмата за рамномерен регионален развој;

2. опис на применетата методологија за подготовка на Програмата за рамномерен регионален развој;

3. расчленување на планираните стратешки цели, приоритети и мерки со дефинираните индикатори во контекст на идентификување на фазите кога треба да се постигнат (временски ограничени);

4. приоретизирање според нивото на значење и итноста за нивното извршување во дадениот период (вклучително и финансиски трошоци и човечки ресурси);

5. подготовка на финансиски план на стратешки цели, приоритети мерки и идентификување на изворите на финансирање;

6. идентификување модели на интеракција помеѓу актерите во спроведувањето на Програмата;

7. начин на информирање на јавноста;

8. анализа на ризикот;

9. и други елементи, согласно потребите.

(2) Носителите ги имплементираат поодделните приоритети и мерки дефинирани во Програмата.

(3) При подготовка на финансискиот план се води сметка за родово одговорно буџетирање;

**Изработка на Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија**

Член 19

Програмата за спроведување на Стратегијата се изработува преку спроведување на следниве пет методолошки чекори:

- чекор 1: Идентификување на носител или носители на спроведувањето на приоритетите и мерките од Стратегијата;
- чекор 2: Подготовка на Програмата согласно утврдената содржина во член 18 од овој правилник;
- чекор 3: Организирање на процес на консултации за нацрт Програмата за спроведување на Стратегијата;
- чекор 4: Изработка на конечна нацрт верзија на Програмата за рамномерен регионален развој и
- чекор 5: Покренување на постапка за разгледување и усвојување на Програмата за рамномерен регионален развој согласно законската процедура.

## II МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИОТ РЕГИОН

**Изработка на Програмата за развој**

Член 20

(1) Програмата за развој е среднорочен плански документ во кој се утврдуваат развојните цели на планскиот регион и мерките, инструментите и финансиските и други средства за нивна реализација.

(2) Програмата за развој се изработува одделно за секој плански регион, во согласност со Стратегијата и програмските документи за интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија.

(3) Изработка на Програмата за развој е составена од две фази:

-организирање на процесот за изработка на Стратегијата и

I. -изработка на Стратегијата.

**Фаза I - Организирање на процес за изработка на Програмата за развој на планскиот регион**

Член 21

(1) За организирање на процесот за изработка на Програмата за развој, одговорните лица се определуваат од раководителот на Центарот за развој на планскиот регион.

(2) Одговорните лица изработуваат проектна задача за изработка на Програмата за развојна планскиот регион која ги вклучува минимум следните работи:

- утврдување на предмет на задачата;
- утврдување на цели и очекувани резултати;
- утврдување на конечна содржина на Програмата за развој;
- утврдување на потребни стручни и професионални квалификации на експертскиот тим за изработка на Програмата за развој;
- подготовка на работни задачи за ангажирање на надворешни експерти;
- утврдување на временски рок за извршување на задачите;
- утврдување на други елементи, согласно потребите;
- координирање на процесот за изработка на Програмата за развој, заедно со раководителот на експертскиот тим;
- обезбедување на потребната логистичка поддршка на тимот за изработка на Програмата за развој, вклучително и обезбедување на потребните податоци за планскиот регион и
- проценка на потребата за обезбедување на донаторска поддршка за изработка на Програмата за развој и обезбедување на донаторска поддршка.

(3) Експертскиот тим се формира од страна на Центарот за развој на планскиот регион, а се одобрува од страна на Советот за развој на планскиот регион.

**Дефинирање на содржина на Програмата за развојна планскиот регион**

Член 22

(1) Програмата за развојна планскиот регион ги содржи следните поглавја:

1. кус вовед со образложение на законскиот основ за подготовка на Програмата за развој;
2. опис на применетата методологија за подготовка на Програмата за развој;
3. анализа на постојната состојба во планскиот регион во однос на минимум следните тематски области:

- јавни инвестиции во планскиот регион и степен на развиеност на планскиот регион;
- демографски развој;
- просторно и урбанистичко планирање;
- економски карактеристики на развојот на планскиот регион;
- индустриски развој на планскиот регион;
- земјоделство и рурален развој;
- поддршка за развој на малите и средни претпријатија, претприемништво, иновации, мудра специјализација,конкурентност и други подобласти на економскиот развој во планскиот регион;
- пазар на труд;
- социјален развој вклучувајќи намалување на сиромаштија и социјалната исклученост, социјална заштита, заштита на децата, пензиско и здравствено осигурување и заштита, домаќинства, услови за живот и домување, и други подобласти на социјалниот развој во планскиот регион;

- инфраструктура и комунални дејности;
- енергетика;
- животна средина, природа и климатски промени;
- образование;
- култура;
- спорт и рекреација;
- управување со кризи, заштита и спасување на граѓани и добра, и противпожарна заштита, и
- други тематски области релевантни за развој на планскиот регион.

4. анализа на постојната состојба во однос на урбаните подрачја, подрачја со специфични развојни потреби и на развојот на селата во планскиот регион;
5. визија на Програмата за развој;
6. среднорочни цели, приоритети и мерки за развој на планскиот регион;
7. носители на спроведувањето на Програмата за развој;
8. извори за финансирање и инструменти за спроведување на Програмата за развој;
9. следење, ажурирање и оценување на спроведувањето на Програмата за развој и
10. Прилози:

- Прилог 1: Тематски студии со секторска анализа на постојната состојба
- Прилог 2: Индикатори за следење на спроведувањето на Програмата за развој и
- Прилог 3: Профил на планскиот регион.

(2) Програмата за развој може да содржи и други елементи, согласно потребите и заедничката оценка на Центарот за развој на планскиот регион, експертскиот тим за изработка на Програмата за развој и Советот за развој на планскиот регион.

**Фаза II - Изработка на Програмата за развој на планскиот регион**

Член 23

(1) Програмата за развој се изработува преку спроведување на седум методолошки чекори:

- Чекор 1: Подготовка на секторска анализа на постојната состојба во планските региони за тематските области наведени во член 22 став (1) од овој правилник;
- Чекор 2: Мапирање на сите релевантни засегнати страни во планскиот регион (Центар за развој на планскиот регион, Совет за развој на планскиот регион, единици на локалната самоуправа во планскиот регион, претставници на деконцентрирани единици на секторските министерства и други органи на државната управа, агенции и фондови, здруженија на граѓани, претставници на приватниот сектор, високообразовни институциии др.);
- Чекор 3: Организирање на консултации за нацрт студиите со секторска анализа на постојната состојба во планските региони за сите опфатени тематски области (фокусни групи, работилници и тркалезни маси);
- Чекор 4: Изработка на нацрт верзија на Програмата за развој;
- Чекор 5: Организирање на консултации за нацрт верзија на Програмата за развој (работилници и тркалезни маси);
- Чекор 6: Изработка на предлог верзија на Програмата за развој;
- Чекор 7: Покренување на постапка за разгледување и усвојување на Програмата за развој согласно законската процедура.

(2) При изработка на Програмата за развој се користат податоци и наоди од завршната евалуација на спроведувањето на Програмата за претходниот период и други релевантни официјални податоци, коишто се добиени по методологии усогласени со стандардите на

Европската унија и со други меѓународни стандарди, анализи, студии и стратешки документи подготвени од надлежни институции и доставени до експертскиот тим од страна на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој.

**Подготовка на секторски анализи на постојната состојба во планскиот регион**

Член 24

(1) Експертскиот тим за изработка на Програмата за развој изготвува секторски анализи за постојното ниво на развој на планскиот регион.

(2) За подготовка на секторските анализи се користат податоци од тематските студии кои се подготвени во функција на изработка на Стратегијата, податоци од Стратегијата, како и други официјални и достапни податоци за развојот на планскиот регион.

(3) Анализата на постојната состојба во планските региони се врши врз основа на членовите 8, 9 и 10 од овој правилник.

(4) Секторските анализи треба да се фокусирани на:

- карактеристиките и факторите кои го определуваат развојот на планскиот регион;
- постоечките диспаритети во развојот на планскиот регион споредено со другите плански региони за секоја од анализираните тематски области и
- идентификување на носечките потенцијали и споредбените предности за развој на планскиот регион.

(5) Секогаш кога е тоа можно врз основа на јавно достапни институционални податоци разделени по пол, секторската анализа треба да вклучи родова анализа.

(6) Идентификуваните карактеристики и посебно, диспаритетите во развојот на планскиот регион служат како основа за дефинирање на стратешките цели, приоритети и мерки во Програмата за развој.

(7) Приоритетните мерки за секоја од анализираните тематски области треба да се поврзани со клучните наоди од секторските анализи, со наведување на носителите на спроведувањето, изворите за финансирање и инструментите за спроведување на мерките;

(8) Секторските анализи треба да содржат и куса анализа на мандатите и влијанието на клучните засегнати страни за тематската област со предлог листа на засегнатите страни за секоја од анализираните тематски области.

**Определување на визија на Програмата за развој на планскиот регион**

Член 25

(1) Со визијата на Програмата за развој се определува долгорочната цел на развојот на планскиот регион и истата треба да е компатибилна со основните цели и принципи на политиката за регионален развој на Република Северна Македонија.

(2) Визијата треба да биде јасна, реална и да ги содржи главните елементи кои ја отсликуваат состојбата што се настојува да се постигне на крајот од периодот на имплементација на Програмата за развој.

(3) Визијата се определува врз основа на направените секторски анализи на постоечката состојба на развој на планскиот регион и извршените консултации со засегнатите страни.

**Определување на стратешки цели, приоритети и мерки во Програмата за развој на планскиот регион**

Член 26

(1) Стратешките цели треба да бидат во согласност со визијата на Програмата за развој и Стратегијата.

(2) За секоја стратешка цел се определуваат приоритети и основни мерки за нивна реализација во планскиот регион.

(3) Со приоритетите се конкретизираат стратешките цели преку адресирање на утврдените диспаритети во развојот и споредбените можности за развој на планскиот регион.

(4) Со мерките се конкретизираат приоритетите за да се обезбеди ефикасна реализација и полесно следење на нивната реализација.

(5) Со мерките треба да се адресираат воочените диспаритети, ограничувањата за развој на планскиот регион но и развојната потреба од искористување на споредбените предности на планскиот регион.

(6) Со приоритетите и мерките се опфаќаат и урбаните подрачја, подрачјата со специфични развојни потреби и селата во рамки на планскиот регион.

(7) Стратешките цели, приоритетите и мерки се определуваат врз основа на направените тематски студии со секторски анализи на постојната состојба и извршените консултации со засегнатите страни.

(8) Стратешките цели, приоритети и мерки се усогласуваат со Стратегијата, другите стратешките документи во Република Северна Македонија кои се релевантни за развојот на планскиот регион, со програмските документи за пристапување на Република Северна Македонија кон Европската Унија и други документи, согласно потребите.

**Носители на спроведувањето на Програмата за развој**

Член 27

(1) Носителите на спроведувањето на Програмата за развој се определуваат согласно Законот за рамномерен регионален развој(*) и поблиску се дефинираат за секоја мерка од Програмата за развој.

(2) Во Програмата за развој се определуваат и мерки за надградба на институционалните капацитети на носителите на спроведувањето на мерките, согласно потребите.

(3) Улогата на поодделните органи, институции и други засегнати страни за спроведување на стратешките цели, приоритети и мерки поблиску се утврдува во Акциониот план за имплементација на Програмата за развој.

**Извори за финансирање и инструменти за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион**

Член 28

Изворите на финансирање и инструментите за спроведувањето на Програмата за развој се определени со Законот за рамномерен регионален развој(*) и поблиску се дефинираат во Акциониот план за имплементација на Програмата за развој.

**Мониторинг рамка за следење на спроведувањето на Програмата за развој**

Член 29

(1) За следење и оценување на успешноста во процесот на реализирање на Програмата за развој, како прилог на Програмата за развој се дефинираат индикатори со податок за базна година и испроектирани целни вредности до крај на периодот на спроведување на Програмата за развој.

(2) Индикаторите треба да се непосредно поврзани со стратешките цели и приоритети и на тој начин да послужат за мерење на степенот на остварување на целите на Програмата за развој.

(3) Индикаторите треба да бидат специфични, мерливи, остварливи, релевантни и временски одредени.

(4) За пресметување на индикаторите треба да се користат јавно достапни податоци кои се генерираат во редовни и предвидливи интервали.

**Спроведување на Програмата за развој**

Член 30

(1) Акциониот план е документ за спроведување на Програмата за развој;

(2) Акциониот план ги содржи следните поглавја:

1. кус вовед со образложение на законскиот основ за подготовка на Акцискиот план;
2. опис на применетата методологија за подготовка на Акцискиот план;
3. расчленување на планираните стратешки цели, приоритети и мерки со дефинираните индикатори во контекст на идентификување на фазите кога треба да се постигнат (временски ограничени);
4. приоретизирање според нивото на значење и итноста за нивното извршување во дадениот период (вклучително и финансиски трошоци и човечки ресурси);
5. подготовка на финансиски план на стратешки цели, приоритети мерки и идентификување на изворите на финансирање;
6. идентификување модели на интеракција помеѓу актерите во спроведувањето на Програмата;
7. начин на информирање на јавноста
8. анализа на ризикот и
9. други елементи согласно потребите.

(3) При подготовка на финансискиот план се води сметка за родово одговорно буџетирање.

IV ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.102/09).

Член 32

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-2251/1
10 септември 2021 година
Скопје

Министер,
**Горан Милевски,** с.р.